РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 09-250/1
11. 03 2026 год.
ДЕМИР КАПИЈА

# ГОДИШЕН ПЛАН

## *ЗА СПЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ЗА 2026 ГОДИНА*

***Март, 2026 година***

## ВОВЕД

**Корупција** подразбира злоупотреба на фунцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Корупцијата не дозволува владеење на правото и ја нарушува довербата на граѓаните во институциите.

Поимот корупција ги опфаќа и поимите на:

- **пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и
- **активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Под **судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Под поимот **интегритет** се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Со овој план се уредуваат мерките и активностите кои општина Демир Капија ќе ги превземе, како и нивната реализација со цел заложби во борбата за спречување на корупцијата, судирот на интереси и обезбедување повисока доверба кон локалната самоуправа.

Општина Демир Капија креира соодветни политики кои треба да дадат резултати при остварувањето на целите на планот, односно воспоставување и спроведување на системски мерки за превенција, откривање и намалување на ризиците од корупција и судирот на интереси во работењето на општината.

## ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

Имајќи во предвид дека корупцијата ги загрозува правата на сите, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, целта на годишниот план е да придонесе пред се обезбедување превенција на појавата на корупцијата во рамките на делокругот на работењето на општина Демир Капија, јакнење на надзорните и контролните механизми, повисока доверба кон работата на локалната самоуправа, зголемување на интегритетот и транспарентност во сите сектори на општинската администрација.

Конкретно, со изготвување на овој план општина Демир Капија се стреми да го изгради потребниот капацитет и поединците во неа, при секојдневното однесување да манифестираат антикорупциски интегритет, што би допринело за отпорност и

оспособеност за ефикасно спречување на корупцијата на долгорочни основи. Овој план има за цел афирмирање на принципите на владеење на правото и јасно декларирање на толеранција кон корупцијата.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Општина Демир Капија е единица на локална самоуправа, основана согласно Законот за локалната самоуправа и ги врши надлежностите пропишани со овој закон.

Градоначалникот ја претставува општината, раководи со општината и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите.

Согласно Законот за локалната самоуправа предвидените надлежности на општината се: урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, комуналните дејности, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образование, здравствената заштита, спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување, противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици, надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност и други работи определени со закон.

При спроведувањето на овие надлежности, а заради спречување на корупцијата и судирот на интереси во општина Демир Капија ќе се спроведуваат следниве начела: начело на законитост, интегритет, јавност, заштита и одговорност.

Секој кој во општина Демир Капија врши функцијата, службената должност и јавното овластување е должен да ги почитува законските и подзаконските прописи, меѓу кои и Кодексот за етичко однесување и Кодексот за административни службенци.

Градоначалникот и сите вработени во општинската администрација се должни при извршувањето на јавните овластувања и должности да не се во состојба на судир на интереси и да не се раководат од никакви интереси, притисоци и ветувања.

Оттука, одговорноста за проценка и отстранување на ризиците кои придонесуваат за корупција или било каква друга форма на неетичко и незаконско однесување е на страната на градоначалникот и раководните службеници во општина Демир Капија, а вработените во општинаската администрација се должни да пријават однесување во кое постои сомнеж за корупција или друго неетичко однесување.

Засега во рамките на надлежностите во општина Демир Капија не се утврдени причини кои би го отежнале нејзиното функционирање.

Сепак, бидејќи еден од клучните аспекти во превенција и борба против корупцијата е транспарентно и ефективно работење на општината, особено од аспект на давањето на услугите кон граѓаните, при спроведување на своите надлежности општината се залага за се поквалитетно, потранспарентно и поефикасно давање на услугите на граѓаните.

Воедно, општината обезбедува и услови за заштитено внатрешно пријавување на сомневања и сознанија за незаконито постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес кај овластеното лице за прием на пријави од укажувачи.

## ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА

Проценката на ризиците од корупција е првиот чекор од процесот на изготвување на овој план.

Врз основа на организациската поставеност во општина Демир Капија, постојат повеќе области каде што е можна појава на корупција.

Области кои се идентификувани како осетливи на корупција при вршењето на надлежностите на општината се:

- ***финансиско управување и контрола*** поради што е потребно примена на процедури за постигнување контрола во работниот процес, принципот на транспарентност, примена на Законот за финансиска дисциплина и слично,

- ***спроведувањето на јавните набавки и реализација на договорите за јавни набавки*** Неспорно е дека јавните набавки се транспарентни бидејќи се спроведуваат преку електронскиот систем за јавни набавки, но поаѓајки од фактот дека најголемиот дел од буџетските средства на општината се реализират токму преку јавните набавки потребно е да се врши прецизно планирање на истите и зајакнување на капацитетите со обучени кадри.

- ***човечки ресурси*** пред се постапките за вработување, избори и именувања. При спроведување на овие постапки потребна е примена на начелото на еднакви услови, односно еднаков пристап на сите заитересирни кандидати, начелото на стручност и компетентност, начелото на управување со ефектот на вработените, начелото на сервисна ориентираност, начело на одговорност и сл.

- ***реализација на проекти, постапки за издавање лиценци, одобренија, согласности, дозволи...*** Интегритетот и компетенциите на човечките ресурси кои се вклучени во овие постапки се од клучно значење дали ќе се појави корупција или не. При извршувањето на овие надлежности лицата задолжени за реализација се должни да ги користат средствата согласно својата намена притоа применувајќи ги начелото на стучност и одговорност.

## МОЖНИ РИЗИЦИ

Можни ризици од корупција при вршењето на надлежности на општината се:

- судир на интереси, подароци и спонзорства, лобирање, незаконски барања од претпоставени, непријавување на казниво дело, влијание врз друго лице, поткуп, злоупотреба во вршење работи од јавен интерес и слично.

Во пракса досега се утврдува дека вработените во општина Демир Капија ги почитуваат начелата на законитост, интегритет, јавност, заштита и одговорност, што е показател дека може да препознаат и да се справат со можноста за пробивање на корупцијата во делокругот на работењето.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Изработката на овој план би придонела за детална анализа, која би дала соодветни показатели за состојбата, односно начин на сторување на коруптивните дејствија, мотивот заради кој се појавува корупцијата и слично. Кога ќе се утврдат причините тогаш ќе може да се предвидат и соодветни мерки за спречување на корупцијата.

Со цел успешна борба со корупцијата во сопствените редови, во текот на 2026 година ќе треба да се реализираат следниве мерки за спречување на корупција:

- почитување на Уставот, законските и подзаконските прописи,
- примена на интерните акти за сите области кои се во надлежност на општината,
- почитување на антикорупциската политика и политиката на интегритет,
- континуирано следење на извршување на работните задачи на секој вработен,
- анализа на ризиците од корупција, а посебно определување индикатори за алармирање за ризик од корупција на ниво на постапки за јавни набавки,
- обезбедување транспарентност и отчетност при работењето како најефикасно оружје во борбата против корупцијата (објавување финансиски извештаи, ревизорски извештаи, имотна состојба на функционери, отворена комуникација со јавноста и сл.),

- овозможување слободен пристап на информации од јавен карактер,

- зголемување на нивото на одговорност и волја за борба против корупцијата, односно зголемување на свеста кај вработените за конкретните ризици кои ги носи корупцијата,

- почитување на финансиската дисциплина,

- практика на обезбедување континуирана едукација на вработените, односно спроведување на антикорпциска едукација,

- овозможување пријавување, а со тоа и заштита на пријавувачите на корупција и поттикнување на вработените да пријават коруптивно, незаконско однесување,

- контрола и надзор при спроведувањето на јавните набавки и нивната реализација за нулта корупција во јавните набавки (имплементација на интерни процедури за спроведување на постапките за јавни набавки, реализација на договорите),

- преземања конкретни мерки за дознавање на казниво дело и обезбедување на докази за тие наводи и

- покренување соодветна постапка против вработен кој не постапува согласно законските обврски.

Со спроведување на предложените мерки во овој план сметаме дека ќе се постигне целта-спречување на корупцијата со локалната самоуправа и ќе се подигне свеста за штетните последици од коруптивното постапување.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Останатите права и обврски за спроведување на овој план ќе се регулираат со правните прописи кои ја регулираат областа на корупцијата.

Овој план влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави на веб страната на општина Демир Капија.

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2026 ГОДИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Ризик** | **Потребни активности** | **Носител на активноста/ Одговорно лице** | **Временска рамка** |
| 1. | Непочитување на уставот, законските и подзаконските акти од страна на вработените | Контрола на доследно почитување на Уставот, законските и позаконските акти, превземање мерки (покренување соодетни постапки за непочитување) | Раководители на сектори /Комисии, Одделение за човечки ресурси | Континуирано во текот на целата 2026 година |
| 2. | Непочитување на законските обврски за финансиско управување | Почитување на законските обврски за финансиско управување, почитување на финансиската дисциплина | Сектор за финансиски прашања | Континуирано во текот на целата 2026 година |
| 3. | Спроведување на јавните набавки спротивно на Законот за јавните набавки | Следење на планот за јавни набавки, правилна примена на ЗЈН, контрола и надзор при нивно спроведување | Сектор за нормативно правни работи, јавни дејности и општи работи | Континуирано во текот на целата 2026 година |
| 4. | Недостаток од континуирана едукација на вработените | Обезбедување на потребната едукација – следење на обуки, меѓу кои и спроведување на атикорупциска едукација | Одделение за човечки ресурси | Континуирано во текот на целата 2026 година |
| 5. | Вработување на лица кои не се предвидени во планот за вработување | Почитување на планот за вработување за 2026 година | Одделение за човечки ресурси | Континуирано во текот на целата 2026 година |
| 6. | Нетранспарентност на интерните акти на општината | Јавно објавување на интерните акти на веб страната на општината | Овластено лице од редот на вработените | Континуирано во текот на целата 2026 година |
| 7. | Непостапување по барањата за пристап до информации од јавен карактер | Овозможување слободен пристап на информации од јавен карактер, правилна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Овластено лице од редот на вработените | Континуирано во текот на целата 2026 година |
| 8. | Ненаменско користење на службени возила | Почитување на интерен акт за користење на службени возила | Сектор за нормативно правни работи, јавни дејности и општи работи | Континуирано во текот на целата 2026 година |
| 9. | Примање дарови спротивно на Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање подароци... | Правилна примена на законските и подзаконските акти со кои се уредува давањето и примањето на дарови | Сектор за нормативно правни работи, јавни дејности и општи работи | Континуирано во текот на целата 2026 година |

**Општина Демир Капија**

Градоначалник

Наталија Димитриева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

*Изготвил:Н.Атанасова*

*Одобрил:Ј.Гацева*